ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1300 КУМАНОВО

**ДДДМ**

Илинденска 5а 1300 Куманово
тел. +389(0)31 423-537, 070 31 36 48

www.dentalmakedonija.org
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com
dentalmakedonija@gmail.com








# СИМПОЗИУМ
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО:
## НОВИ ГРАНИЦИ ВО ДЕНТАЛНА ЕСТЕТИКА

**Хотел КОНТИНЕНТАЛ**
**29.04.2017**
**Скопје**

**Симпозиумот е акредитиран од стручната комисија на Стоматолошка Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество**

# ПРОГРАМА

**08.30-09.30 Регистрација на учесници**
**09.30-09.45 Отварање на симпозиумот**
**09.45-10.10 Проф. д-р Ивона Ковачевска**
Факултет за медицински науки - студиски програм по дентална медицина, УГД Штип.
**Естетски ургентни процедури**
Технолошкиот развој со интензивен карактер во доменот на денталната медицина, посебно во делот на стоматолошките естетски материјали и процедури, овозможува нивна имплементација во секојдневната стоматолошка пракса. Во презентацијата ќе бидат опфатени различните естетски процедури со ургентен карактер, односно решавање на нарушената естетика и рамнотежа кај пациентите кај кои е инсуфициентно времето за реставрирање и комплексно решавање на естетскиот и функционалниот дизбаланс. Состојбите на фрактури на дел од забите, реставрациите, корекција на рабниот интегритет, белење и уште некои други третмани, во функција на естетска прва помош, ќе бидат дел од оваа презентација. Комуникацијата во хуманата популација, пред се започнува преку визуелната перцепција, со што првиот впечаток, за убавина, естетика, повлекува пријатност, самодоверба и желба за натамошно внимание. Забите како клучна алка, заедно со устата, претставуваат примарна перцепција па од таму и нивната естетска беспрекорност влијае на психолошката стабилност на индивидуата.

**10.10-10.50 Проф. Д-р. Ана Миновска**
Факултет за медицински науки - студиски програм по дентална медицина, УГД Штип.
**ЕТИКА ВО ЕСТЕТИКА**
**Комплексност на етичката арена на естетската стоматологија**
Несомнено е дека естетската револуција во стоматолошката професија се случи поради менување и зголемување на барањата за одредени естетски процедури, што главно беше популаризирано првенствено од страна на медиумите,телевизијатаи филмската индустрија. Но, покрај придонесите од напредокот во естетската стоматологија овој тренд исто така, донесе и некои уникатни етички предизвици од типот на "over-treatment" со кои стоматолозите ќе мора да се справат. Оваа тенденција на зголемување на побарувачката за "естетска" или "козметичка" стоматологија е пример за тоа како конфузијата меѓу бизнис принципите и професионалната грижа се одигруваат во стоматолошкиот свет. Целта на ова предавање е да укаже на подобратаперспектива и разбирање за успешно и етичко практицирање на "стоматолошкиот бизнис" без притоа да се загрози квалитетот на грижата за пациентот "primum non nocere" и професионалиот интегритет.

**10.50-11.30 Проф. Д-р. Хрвоје Јуриќ**
Завод за детска и превентивна стоматологија, Стоматолошки факултет, Загреб, Р.Хрватска.
**Современи постапки на превенција и терапија на дентални трауми**
Превентивата на денталните повреди заедно со превентивата на кариесот претставуваат највреден дел од превентивното делување во секојдневната работа на стоматологот. Но, што ако и покрај превентивата траумата сепак се случи? Предавањето ќе ги разгледа сите аспекти на состојбата кога траумата се случи, од потребата за ендодонтска терапија до конечните решенија за реставрација на целосно или делумно деструирана коронка на забот или забите, анализирајќи ги можните дефинитивни решенија.

**11.30-11.45**
**Презентација** LUMINEERS®


VIK Dental
Naturalija
BorDen
LISTERINE®
Medimak Skopje


**11.45-12.15 Пауза**
**12.15-12.30**
**Презентација** edelweiss DENTISTRY

**12.30-14.00 Доц. Д-р. Димитар Филчев & Асс. Д-р. Георги Илиев**
Катедра по протетична дентална медицина, Факултет по дентална медицина, Софија, Р Бугарија.
**The Digital roadmap-нова ера во планирање на третман**
Предавањето ќе не води преку нов начин на дигитални планирања и инкорпорирање на психологијата врз дизајнот - Visagism концепт во Digital Smile Design. Врз основа на планирањето ќе се дискутира за различните начини на лекување, вклучувајќи ортодонтска фаза, монолитна керамичка реставрација и импланти. Полниот дигитален протокол почнува од реставрација на еден заб до комплетна рехабилитација во уста при што ќе се претстави и новиот концепт на биолошка подготовка на забите и абатмент модификација до креирањето на профилот.

**14.00-14.15**
**Дискусија и доделување на сертификати**

**КОТИЗАЦИЈА: ---- 1500,оо ден.**

**за членови на ДДДМ со платена членарина за 2016 ------ 1400,оо ден.**

**Поради ограничен број на места котизацијата ќе се прима до пополнување на истите**

**Уплатата се врши на жиро сметки на ДДДМ**
**530 0703019006-93**
**Охридска Банка**

**Ве молиме уплатата да е со точно име и презиме**


ВО СОРАБОТКА СО НАШИОТ ПАРТНЕР
ДЕНТОМЕД-М
СПЕЦИЈАЛНИ ПОНУДИ ЗА СИТЕ СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА


# ПРОГРАМА 2017

## СИМПОЗИУМИ

**27.05.2017**
**Меѓународен стоматолошки симпозиум**
Рано откривање на орален карцином
**Поранешен КОМИТЕТ - Куманово**
акредитиран од СКМ 8/12 бода

**10.06.2017**
**Меѓународен стоматолошки симпозиум**
Стратегии за успешна дентална практика
**Хотел СИРИУС - Струмица**
акредитиран од СКМ 8/12 бода

**23.09.2017**
**Меѓународен стоматолошки симпозиум**
Нови трендови во дентална медицина
**Велес**

## КУРСЕВИ

**СОВРЕМЕНА ЕНДОПРОЦЕДУРА**
ОД ИЗОЛАЦИЈА
ДО ОПТУРАЦИЈА
**20 мај 2017 - Скопје**
**Водител:**
**Доц. Д-р. Илијана Муратовска**
Демонстратор: Д-р. Илбер Балажи

**ТЕМПОРОМАНДИБУЛАРНИ НАРУШУВАЊА** II дел
**24 јуни 2017 - Скопје**
**Водител:**
**Проф. Д-р. Билјана Капушевска**
Демонстратор: Д-р. Никола Деребан